**20140190595**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца.

Член 2

Партиципацијата, како право за заштита на децата, претставува ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.

Член 3

(1)Правото на партиципација се остварува за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго).

(2)Подносителот на барање – родител/старател за остварување на правото на партиципација, приложува:

- лична карта на подносителот на барањето на увид,
- препис од извод на матична книга на родени на детето;
- потврда од Центарот за социјална работа дека настапиле случаите утврдени во став (1) на овој член.

Член 4

(1) Висината на партиципацијата се утврдува за секој случај наведен во член 3 став (1) на овој правилник и не може да изнесува помалку од 30% но не повеќе од 100% од цената што паѓа на товар на родителот по дете, за трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.

(2) Висината на партиципацијата од став (1) на овој член, се утврдува во зависност од настанатата состојба во член 3 став (1) од овој правилник.

Член 5

Барањето за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување на дете во јавна установа за деца се поднесува до јавната установа во која детето престојува, односно во која детето е згрижено.

Член 6

(1)Од страна на јавната установа за деца –детската градинка, најдоцна 30 дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација, се донесува решение за остварување на право на партиципација.

(2)Од страна на јавната установа за деца – детско одморалиште при утврдување на цената за престој на детето во детското одморалиште, најдоцна 30 дена од денот на поднесување на барањето за остварување на партиципацијата со потребна документација, се донесува решение за остварување на правото на партиципација.

(3)Правото на партиципација се остварува од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето.

Член 7

Правото на партиципација за дете кое е згрижено во јавна установа за деца не може да се остварува подолго од шест месеци.

Член 8

(1) По престанување на условите од член 3 став (1) од овој правилник, поради кои е остварено правото, од страна на Центарот за социјална работа се известува јавната установа за деца дека престанале причините за остварување на правото.

(2) Правото на партиципација престанува наредниот месец од месецот во кој престанале причините, а по санирање на последиците од претрпена природна непогода (поради која е остварено), правото може да престане и пред истекот на периодот наведен во член 7 од овој правилник.

Член 9

(1) Од страна на јавната установа за деца - детската градинка најдоцна до 5-ти во месецот се доставува до Министерството за труд и социјална политика, извештај за остварувањето на правото на партиципација за претходниот месец и барање за потребните средства за партиципација за наредниот месец, со податоците за вкупниот број на деца корисници на правото на партиципација.

(2) Од страна на јавната установа за деца - детското одморалиште до Министерството за труд и социјална политика, најдоцна пет дена по завршениот престој на децата во детското одморалиште, се доставува список на деца кои престојувале во детското одморалиште, а кои оствариле право на партиципација.

(3) Списокот од став (2) на овој член треба да биде заверен од овластено лице на детското одморалиште, како и од наставниците кои биле присутни за време на престојот на децата (наставниците кои се задолжени за група со деца). Со доставувањето на списокот се доставува и барање за обезбедување на средства наменети за партиципација на деца кои оствариле право на партиципација.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-660/1
27 јануари 2014 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов,** с.р.